Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0307-2200
25.12 2023 год.
Пласница

Република Северна Македонија
Основно училиште
„Стив Наумов"
Бр. 03 1971/2
25.12 2023 год.

Република Северна Македонија
Општина Битола
Бр. 08-13205/6
25.12.2023
Битола

# Д О Г О В О Р

Склучен на ден_____ помеѓу:

**1.ОПШТИНА БИТОЛА**, застапувано од градоначалникот Тони Коњановски (во понатамошниот текст на Договорот - носител на групна набавка)
**2. ООУ „Стив Наумов"- Битола** со седиште во Битола ул.„Стив Наумов" бр.93 застапувано од директорот Никола Пискачев (во понатамошниот текст на Договорот - Корисник)
**3. Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница** со седиште Подруж.Бул.„Партизански одреди" бр.104 Карпош 3 Скопје (ОКТА бенз.пумпа), со ЕДБ МК4018999101772 застапувано од одговорното лице Божанка Гроздanова (во понатамошниот текст на Договорот – Економски оператор, продавач).

## Член 1

Предмет на овој Договор е:

Купопродажба на *„Набавка на лесно масло за горење – екстра лесно масло за заполнување ЕЛ-1 за потребите на Општина Битола, основните училишта, средните училишта и детските градинки во надлежност на Општина Битола за 2023/2024" (количина од 779.000 литри)"*во име на носителот на групната набавка, а за сметка и користење од страна на **корисникот (25.000 литри)** согласно Огласот за доделување договор бр.19120/2023 и техничката спецификација и одлуката за избор бр. **08-1054/3/2023 од 27.11.2023 година.**

## Член 2
## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Вкупната вредност на договорот согласно доставената понуда на 17.11.2023 година изнесува 1.912.190,00 денари со вклучен ДДВ. Истата е променлива согласно одлуката за определување на највисока цена на одделни нафтени деривати кои важат на денот на испораката.**

**Како показател за утврдување на цената е земена цената од одлуката за формирање на цени од регулаторна комисија за енергетика од (13.11.2023 година) до денот на поднесување на понуди (17.11.2023 година).**

## Член 3
## РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Продавачот е должен, договорените количини предмет на овој Договор да ги испорачува сукцесивно по претходно добиена писмена нарачка од страна на корисникот , кој е должен истите да ги прима. Рокот на испорака е 24 часа/1 ден од денот на приемот на писмената нарачка од овластено лице на Општина Битола (по претходно барање/нарачка од договорниот орган-корисник), на локација утврдена во нарачката.

**Во случај рокот на испорака да не биде испочитуван (оправдани причини), цената на фактурата ќе биде од денот кога требало да биде испораката во писмената нарачка без доцнење.**

Продавачот е должен начинот на испорака (големината на превозното средство) да го прилагоди спрема местоположбата на објектите

Корисникот се обврзува, приемот на стоките да го потврди на пропратен документ од Продавачот (испратница/мерна белешка) при приемот на маслото за греење ЕЛ-1 издадени од

Добавувачот, со внесување на лични податоци и бројот на лична карта на лицето овластено за прием на стоката кај корисникот.

**Член 4**

Прием на екстра лесното масло за наполнување ЕЛ ќе се врши, во работно време франко корисник, во присуство на еден претставник на носителот на групната набавка и еден претставник на корисникот. Носителот задолжително ќе врши мерење на тежината на возилото пред и после истоварот на горивото.

**Член 5**

Носителот на групната набавка односно Корисникот може да ги рекламира количините на испорачаните стоки утврдени според мерењето во документот кој ја следи стоката кај Продавачот по добиениот извештај од контрола од акредитирана лабараторија.

Корисникот е должен да изготви записник за утврдената испорачана количина на стоката. Записникот мора да биде потпишан од Носителот на групната набавка односно Корисникот и од претставникот на Продавачот.

**Член 6**

КВАЛИТЕТ НА СТОКАТА

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока врз основа на приложените документи за утврдување на квалитет (сертификати и изјава за сообразност), и врз основа на документацијата за примопредавање (испратница, податоци од електронски мерач за тежина и сл.).

При испораката на маслото за горење екстра лесно ЕЛ-1 предмет на Договорот добавувачот доставува сертификат за квалитет издаден од акредитирана лабораторија а е во согласност со важечкиот правилник за течни горива на Р.Македонија и е во согласност со важечките македонски стандарди МКС Б.Х2.430:19 издаден од Институт за стандардизација на РМ или еквивалентен.

**Носителот на групната набавка задолжително при секоја испорака ќе врши контрола на квалитетот на стоката со спроведување на дополнителни независни испитувања на квалитет кај овластена институција, на преземени примероци од стоката.**

**Приговор на квалитетот на стоката се доставува до Продавачот веднаш на денот на истовар по добивањето на наодот од дополнителната контрола.**

Продавачот е должен во рок од 3 дена да преземе мерки за решавање на приговорите.

**Член 7**

Маслото за греење ЕЛ, предмет на овој Договор се продава според цената утврдена согласно одлуката на Регулаторната комисија за енергетика за определување највисока цена на одделни нафтени деривати кои важат на денот на испораката.

Како ден на испорака се смета денот кој е впишан во документот кој ја следи стоката.

Добавувачот е должен да го врши фактурирањето на вкупно изладените литри на Масло за горење Екстра –лесно согласно количината наведена во мерната белешка.

**Член 8**

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

За испорачаната стока Продавачот ќе доставува фактура до Корисникот на кого е наменета стоката и истиот е должен да му ја плати на продавачот фактурната цена.

Продавачот се обврзува фактурирањето на испорачаната стока да го врши по малопродажна цена, утврдена од регулаторна комисијата на денот на испораката.

**Корисникот е должен плаќањето да го изврши вирмански одложено во рокот од 60 дена од денот на испораката односно доставување на фактурата.**

Член 9

ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Како гаранција за рокот на испорака и квалитет на стоката Продавачот обезбедува банкарска гаранција во рок од 15 дена од склучувањето на Договорот во висина од 5 % од предвидената количина во понудата по цена на денот на склучување на Договорот.

Во случај на неисполнување на обврските во рок и квалитет (кој би предизвикал штети на инсталациите на системот за греење) Корисникот има право да го користи износот на гаранцијата без право на протест на продавачот со прилог доказ за извршената нарачка. Банкарската гаранција се доставува до Посителот на групната набавка.

Доколку истата не се обезбеди во предвидениот рок Договорот се смета заништовен и Продавачот ќе изгуби негативна референца согласно Законот за јавни набавки.

Член 10

ВИША СИЛА

Договорените страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски по овој Договор во случаи настанати и околности што се предизвикани независно од волјата на Договорените страни (виша сила), а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнување на Договорот.

Член 11

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорените страни се смета војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, сообраќајни и други катастрофи, акти на органите на власта, акти или такви нарушувања на пазарот кој во значителна мера ќе го оневозможи континуираното снабдување со нафтени деривати и во други случаи што непосредно влијаат врз извршувањето на обврските.

Член 12

Овој Договор стапува во сила од моментот на неговото потпишување од овластените застапници на договорените страни и има важност од 1 (една) година од денот на потпишување/ **односно исцрпување на количините или вредности дефинирани во член 1 и 2 од овој договор.**

Член 13

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Овој Договор може да биде менуван во согласност со волјата на Договорените страни и сите измени и дополнувања можат да се вршат само по писмен пат или со Анекс кон Договорот.

Дополнителните прилози и протоколи можат да го дополнуваат овој Договор под услов да се потпишат од овластените застапници на Договорените страни.

Член 14

Кога една од Договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата Договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот должна е тоа да и го соопшти на другата Договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Доколку Договорот ќе се раскине пред истекот на рокот по вина на економскиот оператор-Продавач, Носителот на групната набавка веднаш ќе ја реализира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување која понудувачот ја доставил.

**Член 15**

Сите евентуални спорови по овој Договор, Договорените страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а доколку тоа не се постигне, за нивно разрешување надлежен е Основен суд Битола.

**Член 16**

Овој Договор е направен во шест (6) еднакви примероци од кои по два (2) примероци се врачуваат на секоја договорна страна.

**ЗА НОСИТЕЛ НА ГРУПНА НАБАВКА**
**Општина Битола**
**- КОРИСНИК**
**Градоначалник**
**Тони Коњановски**

**ЗА ПРОДАВАЧОТ**
**ДПТУ Пуцко Петрол Дооел Пласница**
**Одговорно лице**
**Божанка Грозданова**

**ЗА КОРИСНИКОТ**
**ООУ „Стив Наумов"- Битола**
**Директор**
**Никола Пискачев**

Изготвил: Сергија Јаковска
Контролирал: Наташа Гурбет
Одобрил: Ивета Велевска
Согласен: Горан Димитровски

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот број 19120/2023 објавен од страна на Општина Битола, за набавка на:

***„Набавка на лесно масло за горење – екстра лесно масло за затоплување ЕЛ-1 за потребите на Општина Битола, основните училишта, средните училишта и детските градинки во надлежност на Општина Битола за 2023/2024" (количина од 779.000 литри)"***

со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1.Име на понудувачот: ДПТУ Пуцко Петрол ДООЕЛ
I.2. Контакт информации
Адреса: Подруж. бул.Партизански одреди бр.104 Карпош3 Скопје (ОКТА бензлумпа)
- Телефон: 02/3077-000
- Факс: 02/3077-000
- Е-пошта: javninabavki@puckopetrol.com
- Лице за контакт: Билјана Васков 075/448-050
- Жиро сметка: 270053125660130
- Депонент банка: Халк Банка АД Скопје
I.3. Одговорно лице: Божанка Грозданова
I.4. Даночен број: 4018999101772
I.5. Матичен број: 5312566

**Дел II – Техничка понуда**

Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| **Реден број** | **Опис** | **Количина - литри** | **Единечна цена без ДДВ со вклучени трошоци и попусти** | **Увозни царини** [доколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише] | **ДДВ** | **Вкупна цена (количина*ед. цена без ДДВ)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Екстра лесно масло за домаќинство – 1 (ЕЛ-1) | *779.000* | 64,82 | 0,00 | 9.089.060,40 | 50.494.780,00 |

Применета одлука од РКЕ на РСМ бр. 02-2379/1 од 13.11.2023 година.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 50.494.780,00 *[со бројки]* (педесет милиони и четиристотини деведесет и четири илјади и седумстотини и осумдесет денари) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 9.089.060,40 денари.

III.3. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 15.11.2023

Одговорно лице*

Божанка Гроздановa

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице